УДК: 378 (497.7)
ISSN: 1409-9187

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје
University "Ss. Cyril and Methodius" - Skopje
Педагошки факултет „Гоце Делчев“ - Штип
Pedagogical Faculty "Gotse Delchev" - Shtip

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# ANNUAL MISCELLANEOUS COLLECTION

## Година 4



Книга 5-6, Год. 4

Штип - Shtip
2005/06

СОДРЖИНА

**Д-р Блаже Китанов**
Љубовта како феномен во интеркултурната и транскултурната комуникација ...... 5

**Даниела Касели**
Читање на итертекстуалноста. Природното и легитимното: Интертекстуалноста во „Хари Потер“ ...... 10

**Д-р Ленче Милошева**
Влијанието на мулти-медиумите врз детскиот развој ...... 31

**Д-р Емилија Петрова Ѓорѓева**
Развојот на далечинското учење во Европа и светот ...... 35

**Д-р Снежана Мирасчиева**
Наставникот – менаџер во училиница ...... 45

**Д-р Снежана Ставрева – Веселиновска**
Парадигматски промени, тенденции и цели на модерното еколошко образование ...... 51

**М-р Снежана Јованова – Митковска**
Вреднување на постигањата на учениците во наставата по природа и општество ...... 61

**Д-р Владо Петровски**
Локалитетот, карактерот на училиштата и образовните постигнувања во Република Македонија ...... 70

**Ирена Китанова**
Образовниот менаџмент преку улогата на модерниот наставник ...... 78

**Д-р Ванчо – Жан Колев**
Современ методолошко – содржински фундамент музичката естетика ...... 81

**Д-р Владимир Михајловски**
Имплементација на Болоњскиот процес во функција на студентите на Педагошкиот Факултет во Штип ...... 88

# РАЗВОЈОТ НА ДАЛЕЧИНСКОТО УЧЕЊЕ ВО ЕВРОПА И СВЕТОТ

*Айстрак: Соочени со брзите промени во европското (светското) стопанство и економија, покрај редовното образование се јавува потреба од флексибилен, ефикасен и лесно достапен систем на усовршување, иновирање и стекнување на нови знаења и вештини. Драматичните културни промени гледани од аспект на младата генерација се силен фактор во технолошки – комуникациското влијание во процесот на социјализацијата, промената на структурата, информацвиските понуди. Образованието под влијание на овие фактори ќе претрпи промени посебно поради промените во изворот на информации и употребата на медиумите. Енормното зголемување на лично достапни информации и употребата на глобалните дигитални медиуми ќе овозможи самостојно учење во домот. Овој процес е потпомогнат и со технолошки поддржаното учење (tehnologu supported learning ), далечинското (distance learning), флексибилното учење (fleksibile learning), учење низ работен процес и учење дома (home learning).*

Далечинското учење не е новина во образованието и неговите зачетоците се наоѓаат во XVIII век.[1] Тогашниот развој на поштенските услуги и пренесувањето на печатениот материјал им овозможуваше на луѓето од поодалечените краеви на Северна Америка самостојно да се образуваат без да посетуваат класични, прилично оддалечени, образовни установи. На тој начин стекнатото образование одвараше на вредносниот систем на стекнато уверение во формалниот систем. Во поголем обем далечинското учење се разви во половината на XIX век во САД, Канада, Австралија, Шведска, Германија и Велика Британија и започна успешно да делува т.е. започна успешно да функционира дописното образование. На тој начин стекнатото образование беше законски регулирано како формалното образование во образовни институции. Методите на дописното образование беа прилично зависни од степенот на развојот на образованието и воспитанието. На самото

[1] Bregar, L. (1998). Studij na daljavo in spreminjanje izobrazevalne paradigme. Mednarodna izobrazevalna racunalniska konferenca MIRK'98 - zbornik. Ljubljana; http://www.mirk.si/snd/analize/drGerlic.doc

дописно образование како прв облик на далечинско образование влијаеше и развојот на техниката. Употребата на повеќето медиуми можно ги зголеми каналите за пренос на знаења и информации. Колку повеќе се развиваше образовната технологија, со исто темпо се развиваа различните облици на - образование.[2]

Оваа година се обележува 110-годишнината од далечинското учење, односно во 1892 год. за прв пат се спомена терминот далечинско учење на Универзитетот во Висконсин (University of Wisconsin)[3] во САД. Историјата на навраќа во далечната 1840 година кога Исак Питман (Isaac Pitman) ги поучуваше корисниците со праќање на кратки белешки и пораки како текстот треба да биде стенографиран. На почетокот на 1880 година праќањето и прегледувањето на овие белешки го превзеде Универзитетскиот завод за дописно образование (University Correspondence College) кој беше овластен и за оценување, организирање на завршен испит и издавење на сетификати за успешно завршен курс. Овој начин на далечинско учење преку праќање на белешки и инструкциски материјал функционираше и во Германија од 1856 година преку Универзитетот за дописно образование.[4]

Далечинското учење во Америка започна во 1879 на Универзитетот во Илиноис (Illinois Wesleyan University), а подоцна во 1883 година беше оформен Универзитетот за дописно образование Итака (Ithica-New York)[5]. Татко на дописните студии во САД беше Вилијам Рејни Харпер (William Rainey Harper), кој беше и прв ректор на Универзитетот во Чикаго. Прва установа која користеше далечинско образование за елементарно (основно) образование беше училиштето Калверт од Балтимор од државата Мериленд (Calvert School in Baltimore, Maryland) во 1906 година.

Развојот на далечинското учење во земјите од Западна Европа беше бавен, посебно во традиционалните универзитети, кои тешко се менуваа и тешко се вклучуваа во развојот на далечинското учење, пред се поради класичното разбирање на природата на универзитетот. Ова

2 Dr. Ivan Gerlic „Didakticne osnove ucenja na daljavo";
http://www.mirk.si/snd/analize/drGerlic.doc

3 George Grimes, „Going the Distance with Technology";
http://www.macul.org/newsletter/1992/novdec92/going.html
9-261 http://www.macul.org/newsletter/1992/novdec92/Roing.html

4 Curzon, A. J. "Correspondence Education in England and in the Netherlands." *Comparative Education*, 1977, 13 (3),24

5 Mackenzie, O., and Christensen, E. L. (eds.). *The Changing World of Correspondence Study*, University Park:
Pennsylvania State University Press, 1971.
http://www.macul.orR/newsletter/1992/novdec92/going.html

класично сфаќање било засновано на два модели на високото образование и тоа на континенталниот и британскиот модел.

Континенталниот модел на високо образование бил заснован на традиционалниот катедарски (ex.cathedra) систем, а негови основни карактеристики биле: *„универзитетите како државни агенции, академците како граѓански службеници, а финансирањето и одговорноста пред владата, академската слобода е индивидуално право со посебно почитување кон редовните професори“*[6]

Британскиот високообразовен модел беше заснован на голема автономија од владата со демократско донирање, што на универзитетот им се овозможуваше да се предава и да се истражува она што тие ќе го одберат. Но и двата модели силно се спротиставуваа на промените што произлегува од *„традиционалната организација заснована врз традиционалниот авторитет на редовните професори илто водеше до изолирање на иницијативта за далчинско образование и недостаток од доволна институционална информираност за добрите искуства и развојот на далечинското учење"*[7]

Сепак во изминатиов период и британскиот и континенталниот модел конвергираа со олабавување на државната контрола во континенталниот и поголемо вклучување на државата во британскиот модел.

Овие промени биле превземни за да се излезе во пресрет на предизвиците и промените во модерното индустријализирано општество, односно да се задоволат потребите на различниот глобално високообразовен систем, но и овој систем да се направи поодговорен за средствата што ги добива од јавните фондови.

Во рамките на државите членки на Европската Унија во изминативе години беа формирани неколку големи универзитети за далечинско образование и тоа во Велика Британија (1969), Германија (1974), Република Ирска (1982), Холандија (1984), но во поново време овој развој го следат и другите земји членки на Европската унија (Грција) и останатите европски земји (Словенија).

**Велика Британија,** Отворениот Универзитет (The Open University http//wwvv.open.ac.uk)[8] во Обединетото Кралство беше еден од првите универзитети за далечинско учење кој беше отворен во 1969 год, а првите студенти се запишаа во 1971 година. Овој универзитет делува како автономен и неговите дипломи се еквивалентни со дипломите на останатите универзитети. Финансиски средства добива од

[6] Pechar H, Pellart A, Managing Change: *Organisational Reform in Austrian Universitetes,* 1998, (p. 141 -151)
[7] Baumeister, H-P, *Higer Education Through Open and Distance Leraning,* 1999
[8] http://wvsw.eurydice.org/Eiirvbase/Application/frameset.asp?countr\=UK&language=VO

борот за високо образование на Англија (Higher Education Funding uncil for England-HEFCE).

Овој Универзитет е најголем според бројот на студентите во итанија и до сега околу го 160.000 студенти посетувале различни ограми кои ги понудил овој универзитет. Од 1990 година рапидно сте бројот на студенти аспиранти за постипломски студии и за оваа илика понудени се повеќе насоки, информации и нови информаци-о-комуникациски технологии кој му овозможува на овој универзитет стане еден голем интернационален универзитет. За потенцијалните уденти се организираат дипломски и последипломски програми како земјите членки на ЕУ така и за студенти од Централна и Источна зропа. Со цел подобро да одговорат на потребите на пазарот на тру-эт, овој Универзитет ги поттикна и останатите земји да размислуваат а ова поле. Отворениот Универзитет е дел од глобалната мрежа за алечинско образование (Global Distance Education Network). Партнери а овој Центар се: Centre for Research in Distance and Adult Learning CRIDAL), Indonesian Distance Learning Network (IDLN); La Universidad statal a Distancia (UNED), Costa Rica; и South African Institute for istance Education (SAIDE), Но овој Универзитет се јавува и како артнер и на други универзитетски центри низ светот каде што се јавува ако коорганизатор на далечинското учење.

**Сојузна Република Германија,** Компресивниот Универзитет за алечинско учење (Femuniversitat-Gesamthochschule)[9] основан е во радот Хаген (Hagen, North Rhine-Westphalia) во 1974 год. Овој ниверзитет организира дипломски и последипломски студии на шест азлични смерови со околу 60.000 студенти. Универзитетот развил преж а на центри за далечинско учење низ целата земја, но и во Австрија, Швајцарија и Централна Европа. Федералната влада иа ерманија од 1993 година го помага, поддржува, поттикнува и унапре-дува далечинското образование преку Федералната комисија за образо-вно планирање. Високообразовните установи организираани се во Асо-цијација за далечинско образование (Fernstudienverbiinde) со цел да се усоврши и развие далечинското образование како во самата Германија така и во деловите од поранешна Источна Германија. Германскиот Институт за далечинско образование (Deutsches Institut flir Femstudien-forschung-DIFF) сместен на Универзитетот во Тубинген (Tubingen) е национална установа која го развива далечинското учење и врши нау-чно истражување на користените медии во далечинското образование.

**Република Ирска,** Центарот.за далечинско образование[10] беше основан во 1982 год. на универзитетот во Даблин (со Регионален центар

---

[9] '"httpi/Avww.euiYdice.org/Eui^base/Application/frameset.aspVcountry^DE&language^EN
[10] http://\vww.emydice.org/Eui'ybase/Application/frameset.asp?countrv=IE&language=VQ

во Белфаст) со помош на - Советот за високо образование (Higher Education Authority-HEA) на Република Ирска. Првата диплома добиена по пат на далечинско учење беше доделена во учебната 1986/87 година. Овој Универзитет во своите програми нуди дипломски, последипломски и докторски студии. Во учебната 1999/2000 година на Универзитетот во Даблин се запиша 3.500 студенти на различни смерови. Овој Универзитет тесно соработува со Ирската трговска Унија (Irish Congress of Trade Unions) и Одделението за индустриски и хумани односи (Department of Industrial and Human Relations) вклучувајќи програми потребни на пазарот за работна сила. Од 1999 год. Здружението на работодавачи (Irish Business Employers Conference) станува партнер во реализирањето на овие програми со тоа што на студентите им се намалени или се потполно ослободени од работиите обврски за време на студирањето кои траат околу 4 години. Доживотното продолжено образование на возрасни е иницијатива на Бирото за образование на возрасни и во 1999 година, 200 студенти посетуваале 12 кратки курсеви (книжевност, трговија) во траење од 10-12 недели. Ирската радио телевизија се вклучува во образованието со тоа што емитува едукативни програми за возрасни од септември до мај секоја година вклучувајќи образование (курсеви) по психологија, историја, астрономија, уметност, гитара и др.

Со помош на ЕУ поддржани и реализирани се неколку европски програми (Socrates, Leonardo Da Vinci) со што во деведестетите години овој Отворен Универзитет и Европската мрежа за далечинско образование стануваат се популарни во Република Ирска.

**Холандија,** Отворениот Универзитет на Холандија (The Open University of the Netherlands-OUNL)[11] основан е во 1984 година и претставува установа за далечинско учење на универзитетско ниво наменета за корисници над 18 години. Седиштето на овој универзитет се наоѓа во Херлен (Heerlen) распространет со 18 студиски центри низ цела Холандија. Иако овој универзитет е независен тој сепак соработува со другите високообразовни институции. Главните цели на овој Универзитет се да го направат високото образование достапно за сите полнолетни граѓани кои имаат потреба од образование или дообразование.

**Финска,** Финската асоцијација за далечинско образование (The Finnish Association for Distance, Education-FADE)[12] основана е во 1970 која вклучува 10 Универзитети. Оваа асоцијација организира курсеви за континуирано образование често поврзано со работните активности на

---

[11] http://www.emTdice.org/Eurvbase/Application/frameset.asp?countrv=NL&language=EN

[13] http://oyt.oulu.fi/fade/eng/fadeesc.htm

[12] http://www.euiydice.org/Euivbase/Application/frameset.asp?counti-y=SI&language=EN

корисниците (You learn while you earn). За развивањето на отвореното и флексибилното учење во Финска, Министерството за образование организира групно изучување на образовните информатички технологии и мултимедијални програми кои беа наменети за: Развој на образовниетона наставниците (континуирано образование); Развивање и дистрибуција на материјалот за далечинско учење; Организирање на пилот фаза за далчинско учње; Истражување и унапредување на различните далечински форми, методи и технологии; Учество во меѓународни програми; Подобрување на информираноста до потенцијалните корисници; Развивање на регионално и национално ниво на далечинското учење; Унапредување, планирање и опсервирање на полето на далечинско учење. Студентите се на возраст од 30-40 години, а интересен е фактот што околу 75% од запишаните студенти се од женска популација. Во Финска бројот на студенти во 1994 кои се запишале на Отворениот Универзите изнесувал околу 50.000 од кои 15% учествувале во далечински едукативни програми.

**Грција,** Грчкиот отворен универзитет (Hellenic Open University-EAP)[13] законски е утврден и функционира независно и самостојно од останатите универзитети во рамките на самата држава. Овој универзитет реализира далечинско дипломско, последипломско образование и образование за возрасни. Една од целите на овој универзитет е да го промовира, потпомогни и збрза научното-далечинското истражување. Првите специјалистички програми реализирани се во 1988 година, а подоцна, односно во учебните 1999/2000 и 2000/2001 година реализирани се програми и тоа за дипломски студии по физика, информатика, администрација и деловно работење, студии за грчка и европска култура и последипломски студии по туристичка администрација, здравство, банкарство, просторно планирање, образование и специјалистички постипломски студии за англиски, германски и француски јазик.

**Словенија,** во 1994 година започна со реализација проектот на Фаре програмата „Мулти национална кооперација за далечинско образование", (пилот програма). Програмата се реализираше на Економскиот факултет во Љубљана во склоп на Националниот контакт центар за далечинско обра30ВаННе(National Contact Point-NCP)[15]. За време на учебната 1995/96 година, односно за време на траењето на пилот проектот беа проучувани примарните пишувани материјали, но подоцна постепено се воведуваа и останатите медиуми потребни за далечинско образование. Учебната 1998/99 година Економскиот факултет ги организира првите дипломски далечински студии во 5 студиски центри. Во учебната 1997/98 беше воведена опрема за видеоконферен-

---

[13] http://www.emTdice.org/Eurybase/Application/fi'ameset.asp?counti-y=SI&language=VO

циска врска помеѓу три студиски центри. Дипломите стекнати на овој факултет преку далечинско образование се еквивалентни со дипломите на традиционалните студенти. Во 1999 година на Универзитетот во Марибор се отвори првиот Центар за далечинско образование (Centre for Distance Education Development-CDED).

**Јапонија,** Првите обиди за дописно (далечинско) образование во Јапонија беа во мај 1883 година кога е понуден курс за изучување на Кинеската култура. Подоцна во септември понудени се уште два програми за изучување на стенографија и книговодство. Оваа година (1883) се смета за започнување на далечинско (дописно) учење во Јапонија. Бројот на студентите од година во година се зголемуваше и тоа од 8000 (1894 год.) до 20.000 (1900 год.). Во овие дописни програми беа вклучени и студенти од Р. Кина и Р. Кореа. Од 1990 година две средни училишта (Токио и Осака) понудија програми за стекнување на средно образование по пат на далечинско учење. Повеќе од 160.000 студенти до 1990 година се стекнаа со диплома за високо образовнаие по пат на дописно учење.

Отворениот Универзитет на Јапонија (University of the Air)[14] покрај дописното учење организираше и програми кои се реализираа по пат на радио и ТВ програми кои започнаа во 1984 година. Првата промоција на студенти кои ги завршија своите студии беше во 1989 год. Статистиката зборува и за проодноста на овој универзитет која изнесува околу 2% од вкупно запишаните студенти. Возраста на студентите кои се запишуваат е 22-23 години до 35 години за лица со специјални потреби. Следејќи ги светските и домашните искуства за далечинско учење во 1981 од страна на Министерството за образование основано е Биро за за континуирано учење (Bureau of Life-long Education) кое се грижи за развојот на далечинското учење.

**Австралија,** Отвореното образование на Австралија (Open Learning Australia-OLA)[15] основано е 1991 година по иницијатива на Австралиската државна заедница (Commonwealth of Australia). Целта на оваа установа беше да се идентификуваат оние корисници кои имаат желба да се образуваат низ целата територија на Австралија. За таа цел оваа установа организира Образовен телевизиски програм кој го покажа влијанието на телевизиската дифузна мрежа како модел за далечинско учење. Овој програм беше реализиран со помош на Националната Австралиската радио-телевизиска - дифузна мрежа (Australian Broadcasting Corporation Television and Radio National). Организираноста на програмите за прв пат се организира така да учебната година беше поделена во четири студиски периоди. При уписот се запишуваат

---

[14] http://www.u-air.ac.ip/eng/l5 chrl .html

[15] http://www.ola.edu.au/history-asp

онолку студенти колку што ќе се пријават без оглед на нивото на образование и возраста на корисниците.

**Израел,** Комитетот за високо образование го отвори првиот Отворен Универзитет во Израел[16] по модел на Отворениот Универзитет во Велика Британија во 1971 година. Со помош на Роцилд Фондацијата (Rothschild Foundation) и Станфорд Универзитетот (Stanford University) започна со работа Отворениот Универзитет кој првите години беше финансиран од оваа Фондација. Од 1973 Советот за високо образование на Израел е одговорен за развојот на Отворениот Универзитет. Во учебната 1976/77 година Универзитетот ги прими своите први студенти, односно започна првиот семестар. Подоцна во учбната 1981/82 година првите студенти (41) се стекнаа со универзитетска диплома. Во учебната 1987/88 година овој универзитет имаше 11.000 студенти на 180 различни смерови. Во учебната 1993/94 имаше 20.000 студенти кои посетуваа околу 300 програми.

Во рамките на самиот Универзитет има и издавачка куќа која ги печати потребните материјали кои дел од нив се на руски, англиски и арапски јазик. Од 1996 овој Универзитет оргганизира и постипломски студии.

Од 1987 година во Европа постои Европска Асоцијација за далечинско образование (The European Association of Distance Teaching Universities EADTU) со 18 национални членки од 14 земји кои организираат далечинско учење за околу 900.000 студенти[17].

Во Република Македонија во 1999 година беше воспоставен Национален контакт центар за далечинско образование при Институтот за информатика на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Подоцна се отворени уште два центри од кои едниот при Факултетот за електроинженерство, а другиот на Факултетот за учители и воспитувачи во Битола. Моментално Р. Македонија вклучена е во Европската мрежа на центри за далечинско образование.

Како и во другите земји ,од Централна и Источна Европа далечинското образование се развива релативно споро. Оваа спорост е од неколку причини и тоа:

1. далечинското образование често се поврзува со поранешните дописни курсеви (добивање на дописни дипломи кои беа доста политизирани посебно во социјалистичките земји (под влијание на СССР), односно учителите биле присилени да демонстрираат висока стапка на проодност на учениците при стандардни (просечни)

[16] http://www-e.openu.ac.i l/geninfor/l 5.html
[17] http://www.eadtu.nl/about/default.htm

трошоци[18].

2. недоволно средства за покривање на стартните и развојните трошоци
3. недоверба и недоволна согласност од институциите и недоволна поткрепа од државата
4. создавање на законска регулатива и обезбедување акредитација, признавање и обезбедување на квалитет

Сепак во изминатиов период дојде до одредени промени кои се темелат на превземање искуства од други земји кои имаат подолга традиција во далечинското учење.

Овие промени се превземени со цел да се излезе во пресрет на предизвиците на модерното индустриско општество, односно да се задоволат потребите на современиот пазар на работна сила. Исто така, земјите се соочени и со растечките барања за образование и обука што произлегуваат од брзите социо-економски и технички промени и поради тоа се јави и потребата од преиспитување на традиционалните образовни концепти. Ваквите тенденции во фокусот на својот интерес ги поставија следниве три агенси кои го детерминираат воспитно-образовниот процес:

1. новиот тип на ученици
2. новата технологија и
3. новите идеи за наставата и учењето

**Литература:**


1. Bregar, L. (1998). Studij na daljavo in spreminjanje izobrazevalne paradigme. Mednarodna izobrazevalna racunalniska konferenca MIRK'98 - zbornik. Ljubljana; http://www.mirk.si/snd/analize/drGerlic.doc
2. Dr. Ivan Gerlic „Didakticne osnove ucenja na daljavo"; http://www.mirk.si/snd/analize/drGerlic.doc
3. George Grimes, „Going the Distance with Technology"; http://www.macul.org/newsletter/1992/novdec92/going.html
4. 9-261 http://www.macul.org/newsletter/1992/novdec92/Roing.html
5. Curzon, A. J. "Correspondence Education in England and in the Netherlands." *Comparative Education,* 1977, 13 (3),24
6. Mackenzie, O., and Christensen, E. L. (eds.). *The Changing World of Correspondence Study,* University Park: Pennsylvania State University Press, 1971. http://www.macul.orR/newsletter/1992/novdec92/going.html


---

[18] Slaidins, I.„*Distance Education in Latvia", 1994, Conference Report, EDEN (European Distance Education Network);* http://www.eden.bme.hu/contents/publications/100.html

7. Pechar H, Pellart A, Managing Change: *Organisational Reform in Austrian Universitetes,* 1998, (p. 141 -151)
8. Baumeister, H-P, *Higer Education Through Open and Distance Leraning,* 1999
9. http://wvsw.eurydice.org/Eiirvbase/Application/frameset.asp?countr\=UK&language=VO
10. httpi/Avww.euiYdice.org/Eui^base/Application/frameset.aspVcountry^DE&language^EN
11. http:/\vww.emydice.org/Eui'ybase/Application/frameset.asp?countrv=IE&language=VQ
12. http://www.emTdice.org/Eurvbase/Application/frameset.asp?countrv=NL&language=EN [13] http://oyt.oulu.fi/fade/eng/fadeesc.htm
13. http://www.euiydice.org/Euivbase/Application/frameset.asp?counti-y=SI&language=EN
14. http://www.emTdice.org/Eurybase/Application/fi'ameset.asp?counti-y=SI&language=VO
15. http://www.u-air.ac.ip/eng/l5 chrl .html
16. http://www.ola.edu.au/history-asp
17. http://www-e.openu.ac.il/geninfor/l 5.html
18. http://www.eadtu.nl/about/default.htm
19. Slaidins, I.,*,Distance Education in Latvia", 1994, Conference Report, EDEN (European Distance Education Network);* http://www.eden.bme.hu/contents/publications/100.html